# Клучни пораки за специјалисти по инфективни болести во болница

## Задачи

1. Вашите задачи поврзани со подобрување на употребата на антибиотици вклучуваат [31,56,68,71,83]:

а) Учество во тимот за рационална употреба на антибиотици, како клучен член на тимот;

б) Соработка со болничкиот фармацевт и клиничкиот микробиолог за спроведување на програмата за рационална употреба на антибиотици;

в) Консултирање со болничките лекари што препишуваат лекови и давање повратни информации за да се обезбеди квалитет при препишување антибиотици;

г) Едукација на болничките лекари за дијагностицирање и лекување на честите инфекции и за принципите на рационална употреба на антибиотици;

д) Спроведување на болнички упатства за антибиотици базирани на докази за чести инфекции и за хируршка профилакса;

е) Споделување информации за локалната микробиологија и обрасците на антибиотска резистентност; и,

ж) Управување со болничката листа на антибиотици (т.е., листа на лекови достапни за лекарите).

## Што може да направите или во што да соработувате

2. Поддржете го развојот и спроведувањето на програма за рационална употреба на антибиотици во вашата организација [69].

3. Промовирајте локални упатства за справување со инфекции и употреба на антибиотици. Тие треба да бидат лесно и сигурно достапни за сите здравствени работници [56,69].

4. Проверувајте дали рецептите за антибиотици ги следат протоколите за антибиотски третман, засновани на упатства базирани на докази. Доколку забележите дека членови на персоналот во болницата или здравствената установа ги прекршуваат упатствата или протоколите, прашајте ги зошто го прават тоа и дајте им насоки за да разберат што прават погрешно [69] [експертски консензус].

5. Дајте повратни информации и совети на лекарите за дијагностичка процена и лекување на инфективните болести [83].

6. Редовно обучувајте ги болничките лекари за рационална употреба на антибиотици и учествувајте на состаноци за спроведување на болнички упатства за антибиотици базирани на докази [31,53].